**Прашања:**

Како надлежен орган, а согласно финансискиот план на МО и Буџетот на МО, кои плаќања се опфатени со Потпрограма 10-Администрација, НП 980 – Сектор за човечки ресурси, потставка 464410-Државни награди, 464940 – Испратнини – редовно пензионирање и 464990 – Други трансфери?

**Одговор:**

Од потпрограма 10-Администрација, НП 980-Сектор за човечки ресурси, согласно Финансискиот план на Министерство за обрана и Буџетот на Министерство за одбрана, од долунаведените потставки се исплатуваат:

- Од потставка 464410 - Државни награди се исплатуваат награди на вработените во Министерството и Армијата согласно Законот за служба во Армијата и Колективниот договор. (јубилејна и други видови на награди согласно позитивните законски прописи)
- Од потставка 464940 - Трансфери при пензионирање, се исплатува отпремнина за сите лица од Министерството за одбрана кои се пензионираат согласно Законот за служба во Армијата и Колективниот договор.
- Од потставка 464990 - Други трансфери се исплатува парична помош за вработените во Министерството за одбрана согласно член 17 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија (парична помош во случај на смрт на член на потесно семејство).